Платена поштарина
МК-1000 Скопје

JUB

# Магазин

## *Спектар на новости*



- **JUB во Србија** Ново производство на стиропор
- **Jubizol -** Обновена понуда на термофасади
- **Моја приказна -** Термофас - Скопје
- **Нови производи -** Beton Look

Since Од година 1875

Година VIII
Број 15
Септември 2015
JUB д.о.о.е.л Скопје

www.jub.eu

# Вовед

**Во овој нов број на JUB Магазин, со мал јубилеј од 15 броеви до сега, имаме многу новости со кои ќе се потрудиме да го задржиме вашето внимание како и досега.**

Имено најнапред можеме да се пофалиме со новата фабрика за производство на стиропор (EPS), кое се наога во Р. Србија, со цел да сме подостапни и побрзи за испорака на јужните просторите на некогашна Југославија. Дали сте се сочиле со проблеми настанати од појава на алги, мувла, дамки... за сето ова винудеме едноставни решенија во три чекори.




Досегашниот начин на уредување на санитарните простории во домовите (бањи, кујни...) не се вклопува во модерниот начин на уредување на истите, за ова ви нудиме решение, како да се заменат плочките со модерно изработени ѕидни површини. Секако ви го претставуваме и новиот систем за внатрешни површини со кој ќе се заштитите од појава на кондензација, ќе ги намалите „ладните мостови" во просторијата и сето тоа со системот Jupol Thermo. Ако сте прашувале досега зошто да ставите Jubizol фасада, истото ќе го прочитате во овој број на JUB Магазин. Наш предлог за нијанси на бои, кои се употребуваат во домот. Нов и модерен производ достапен и до вас, е новата декоративна техника, Beton Look како, и начин на изработка на истата. И ние во Македонија имаме наши референтни објекти, се дружиме со нашите соработници и ги наградуваме нашите фанови на facebook.

Завршува и оваа градежна сезона, останете во добро здравје, и соберете многу сили за наредната....
Секогаш ваш JUB.

Издава: JUB доосл - Скопје
Автори: Катерина Бошкова,
Кузман Стефановски,
Ал-Барагони Соубхи, Дејан Костов,
Горан Анѓелковски, Кирил Бошков.
Уредник: Катерина Бошкова
Редакциски одбор: JUB доосл - Скопје
Припрема и печати:
Макстен графика - Скопје
Тираж: 3.500 примероци

Адреса: бул. Јане Сандански бр.79а-3
Телефон: 02/ 2454-027
E-mail: jubmagazin@jub.com.mk

# Отворено е ново производство на стиропор (EPS) во JUB - Србија

**Во JUB, во 2012 година производството на премази и лепила, го проширивме и со производство на стиропор (EPS), кој е составен ден од JUB – овите фасадни ститеми JUBIZOL. Тогаш забележавме дека пазарот има потреба од тоа да ја прошириме својата понуда, која се покажа како одличен бизнис потег. Како својата понуда да ја доближиме до сите пазари каде што сме присутни, а не конкуренти заради скапиот первоз на габаритна роба како стиропорот, на 10 септември 2015 година, свечено ја отворивме нашата нова производна линија на стирпор во JUB Шимановци.**

Во Србија нашата фабрка за производство на JUB – овиот асортиман је отворена во 2004 година, која се наоѓа на автопатот Загреб – Београд и на оддалеченост од 25 km од главниот град на Србија.




Вредноста на инвестицијата е 5,6 милиони, и со тоа направивме производство и складиште. Најголемиот дел од средствата ги наменивме за нова производна линија и друга опрема, која е напревена претежно во Словенија. Со новото производство и инвестициите во новата фабрика, нашата подружница JUB д.о.о. Шимановци, го заокружи своето производство и стана снабдувач на системски решенија за фасада, која ќе биде достапна за целиот балкански регион и пошироко - на пример во Босна, дел од Хрватска и Унгарија, Косово, Македонија и Црна Гора.
Сметаме дека на ова подрчје, во наредните години, ќе се наметне системот за енергетска ефикасност на фасадите, па затоа треба да бидеме наврме подготвени. Произведениот стиропор (EPS) нема да се употребува само во градежништвото, тој би се употребувал и како амбалажа за бела техника и други производи.
Со проширување на нашето производство, се отвараат и нови работни места. Со новото производство на стиропор во Србија, веќе вработивме нови 20 лица.
Фабриката свечено ја отвори директорот на JUB д.о.о. Шимановци Алексанадар Куљај, и Матеја Норчич Штамцар, привремен деловен амбасадор на Словенија, во Београд. Почесен гостин на церемонијата на отворањето беше и Зорана Михајловиќ, министерот за градежништво, сообраќај и инфраструктура.



# Од проблем до решение

**Ги имаме сите решенија за вашите проблеми. Имате проблем со алги и ѕидна мувла?**




За вас имаме решение во три чекори:
1. Со мокра крпа добро се бришат заразените површини;
2. Кога површината ќе се исуши, истата се премачкува со Algicid (Algicid : вода = 1 : 5);
3. После 8 до 12 часа, кога површината ќе биде потполно сува, истата се пребојува со внатрешната ѕидна боја JUPOL Citro







**Имате проблеми со дамкина ѕидните површини?**

За вас имаме решение во три чекори:
1. обезбедување на по неквалитетните подлоги (по потреба) 1x JUPOL Gold или 1 x JUKOLprimer (JUKOLprimer : вода = 1 : 1);
2. Блокирање на дамките и завршен слој: 2x - 3x JUPOL Block (нијанси по тон картата на JUB – пастелни нијанси);
3. Доколку сакате по интензивни нијанси на ѕидната површина, ви препорачуваме уште еден завршен слој со производите JUPOL Gold или JUPOL Brilliant.



## Сакате боја, која можете повеќе пати да ја чистите?

Имаме вистинско решение за вас:

1. 10-пати поголема издржливос на миење, во споредба со обичните бои за внатрешни ѕидови.
2. Боја која е супер отпорна на дамки.
3. 5 години гаранција на постојаност на филмот на бојата.*

*Условите за гаранција се наведени во Гаранциските изјави.











# *Често поставувано прашање* од Вас до нас

## Како да ги покријам несаканите плочки во мојата кујна или бања?

Плочките се елемент кој многу често го вградуваме во просториите каде имаме допир со вода или пареа, во последно време ова и не е случај, бидејќи вградените плочки во новите објекти не секогаш се по наш вкус, за да ги отстраниме истите, потребно е многу време и дополнително запрашување во станот со ситна градежна прашина, која е многу тешко да се исчисти.
Постапка која може да се примени, а сите овие несакани моменти да се избегнат е следната:

Плочките се премачкиваат со подлога Vezakril primer, со четка, со нанесување на оваа подлога, самата површина на плочката се огрубува без нејзино стругање, а по 24 часа е спремна за понатамошна обработка.




По 24 часа од нанесување на подлогата Vezakril primer, површината се глетува со тенкослојна пастозна глет маса Jubolin или Nivelin , со нерѓосувачка глетарка во еден или два слоја, време на сушење на глет масата Jubolin и Nivelin е 12 часа.














На вака спремната површина се нанесува основен премаз Akril Emulzija, разредена со вода во однос 1:1, се нанесува во еден слој со четка или бојаџиски валјак, време на сушење на основниот премез (подлога) 4 – 6 часа.

Последна фаза за добивање на саканиот ефект е пребојување со Jupol Latex Saten, боја која се карактеризира со висока отпорност на чистење со обични куќни детергенти, а е еколошка боја наменета за внатрешни простории со исклучителна ниска вредност на лесно испарувачки органски материи чие производство е под постојан надзор на TÜV SÜD Industrie Service GmbH, München, бојата е достапна во 5000 нијанси по тон картата на JUB и NCS тон картата, како и по сите други светски познати тон карти.





# JUPOL Thermo
# од проблем до решение

## Го препознавате ли чувството на допир на мраз, кога ќе се потпрете на сидот?




Во JUB развивем Thermo систем, кој дава чувство на топлина и овозможува заштеда на енергија. Бојата JUPOL Thermo и масата за израмнување JUBOLIN Thermo содржат посебни полнила, кои ја намалуваат топлинската споводливост. Ваквите полнила имаат поголема изолативна карактеристика, и истовремено ја намалуваат масата на потребните премази. Системот Thermo е погоден за простории, во кои го поминуваме поголемиот дел од денот, а сакаме да имаме чувство на топлина кога ќе се потпреме на сидот. Се препорачува, првенствена за ѕидови кои се наоѓаат на северната страна на објектот, за ѕидни површини без изолација, како и за детските соби....

## Термо изолационата внатрешна боја JUPOL Thermo со масата за израмнување JUBOLIN Thermo

Termoizolacijski sistem

Главни карактеристики на системот THERMO*:

- Обезбедува заштеда за греење поради изолациски својства до 2 евра / m$^2$ фасадна површина **;
- Дава чувство на топлина;
- Се употребува за премостување на помалите топлински мостови;
- Ја намалува можноста за кондензација и влага;
- Едноставен за нанесување.

* Систем THERMO: 2x JUBOLIN Thermo + 2x JUPOL Thermo.

** Греење со мазут (цена за 2015 година); важи за бетонски ѕидови.

# Секоја куќа заслужува фасаден систем JUBIZOL.

ДО 25 ГОДИНИ ГАРАНЦИЈА

ДО 40% ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА

БЕСПЛАТНО СОВЕТУВАЊЕ СО АРХИТЕКТ И ТЕХНИЧКО ЛИЦЕ



## Фасадни системи со 45 годишна традиција.

Купувањето фасада е паметна инвестиција, која ќе Ви се врати преку пониски трошоци за греење и ладење, како и преку зголемената вредност на Вашата недвижност.

**Погледнете ги нашите производи и предностите на JUBIZOL фасадните системи во нашите каталози и на www.jub.eu**

**Побарајте совет на: 02 2454 027, или на jub@jub.com.mk**

JUB

JUBIZOL

*Фасадни системи по мерка*




# JUBIZOL

# обновена понуда на топлотно изолационите системи

**На 140 годишнината на компанијата, JUB го менува надворешниот изглед на своите производи, наменети пред сé за професионална употреба.**

Во целост е променета понудата на топлинско изолациските системи JUBIZOL, а секој од понудените системи JUBIZOL обезбедува одредени конкретни предности за купувачите. Понудата на системите е заокружена и со визуелниот изглед на амбалажата и на тој начин понудата до крајните купувачи ќе биде полесно разбирлива. Со воведување на новите технологии и знаења во развојот на производството на завршните малтери, дополнително се подобрени својствата на фасадните системи. И бидејќи сакаме да бидеме блиску до сите наши клиенти, ние системите ги именувавме со нови - меѓународни називи.



## *Зошто да го одберете фасадниот систем JUBIZOL?*

• Гаранциски услови и правила: зависно од избраниот фасаден систем JUBIZOL ви нудиме и до 25 години гаранција за долгорочно и рамислена инвестиција.
• Отпорност на алги и мувла: одпорност на алги и мувла на фасадниот систем се предвидени со формулацијата на материјалите, затоа дополнителни трошпци за специјални премази не се потребни.
• Фасаден систем за најзхтевни потреби: со широката палета на комбинација од материјали, на инвеститорот му се нуди систем за посебни потреби, како што е на пример системот отпорен на удари од врнежи од град.
• Подобрување на условите за живот: недоволна топлинска изолација на зградата, овозможува зголемена размена на топлина и има значително влијание врз квалитетот на животните услови.
• Сите компоненти на системот се произведени во Словенија: со сопственото производство на компонентите (вклучувајќи експандиран полистирен) обезбедуваме целосна контрола и компатибилноста на системите.





• Силна техничка поддршка и можност за дополнителни услуги (изработка на технологија за изведба на топлотната изолација на објектите како и пресметка за потребното сидрење, пресметка на градежната физика, изработка на JUB Design Studio I соработка со другите учесници во проектот).
Врвниот квалитет на JUBIZOL фасадните системи, поддржани од резултатите добиени од истражувањето во најдобро опремените лабаратории за Технолошко истражувачките центри на JUB како и резултатите од контролните тестирања и сертифицирања од одобрените институции во Словенија и странство.



**Задржувајќи ја веќе стекнатата традиција за организирање и изведба на стручни презентации за нашите завршни градежни материјали и оваа година во просториите на Скопски саем (20.05.2015 - Бизнис сала) одржавме посебна стручна техничка презентација за одредена целна група (архитекти, проектанти, надзори, инвеститори,...) на тема:**




- Премази за современи ентериери( полудисперзни, дисперзни, латексни бои,...)
- Премази за проблематични ѕидни површини ( карактеристики и предуслови за правилна примена)
- Декоративни материјали за внатрешни ѕидни површини (нови материјали и техники за декоративна обработка)

Воедно  во стручниот дел од презентацијата за правилното вградување на нашите материјали од областа на Hydrosol системот (хидроизолација и керамика) излагање имаше и нашиот колега од матичната фирма од JUB Словенија г-дин Изток Каменски.
Поставувањето прашања и коментари на презентираното започна уште во салата каде се разви и поширока дискусија меѓу присутните гости, а продолжи во поопуштена атмосфера на коктелот организиран по завршувањето.
За секој присутен учесник на нашите презентации поделивме и соодветен рекламен материјал.
Особено задоволство ни претставуваше големото присуство и интерес за ваков тип на презентации од лица кои првпат присуствуваат на нашите презентации.





Целта на презентациите кои ги организираме од ваков тип не ни е само комерцијално да ги презентираме на пазарот нашите општо познати брендови за екстериер и ентериер, туку да го потенцираме нивниот правилен избор и вградување во зависност од постоечката ситуација на теренот.

Ние, односно нашата техничко информативна служба продолжува со изведбата на техничките стручни теренски презентации теоретски и преку апликативна демонстрација насекаде во државата и за други целни групи (молери, фасадери, керамичари, трговци, комерцијалисти, ...) и за сите субјекти кои се вклучени директно или индиректно во вградувањето и продажбата на нашите материјали.

Воедно повторно Ве потсетуваме и покануваме да го посетите нашиот JUB - ов информативен центар во Скопје каде за сите материјали освен техничка помош можете да добиете и бесплатна обука за правилно вградување на сите наши завршни материјали.

**JUB Academy** **Календар на одржани презентации**

| ДАТУМ | ОРГАНИЗАТОР | ГРАД | ЦЕЛНА ГРУПА |
|---|---|---|---|
| 05.03.2015 | JUB дооел/фасадери Скопје | Скопје | изведувачи |
| 14.03.2015 | JUB дооел | Крушево | трговци/изведувачи |
| 20.03.2015 | JUB дооел/Луки фасаде дизајн | Скопје | изведувачи |
| 24.03.2015 | JUB дооел/Компанија Велкоски | Скопје | комерцијалисти |
| 31.03.2015 | Екотон Дизајн | Скопје | архитекти / изведувачи |
| 02.04.2015 | Хемитек | Прилеп | изведувачи |
| 08.04.2015 | Иве Трејд | Радовиш | изведувачи |
| 09.04.2015 | JUB дооел/фасадери Скопје | Скопје | изведувачи |
| 29.04.2015 | JUB дооел/ Керамичари Скопје | Скопје | изведувачи |
| 20.05.2015 | JUB дооел | Скопје | архитекти / проектанти |
| 27.05.2015 | JUB дооел / фасадери Прилеп | Ерековци/Прилеп | изведувачи |
| 01.06.2015 | Гипс Дизајн | Прилеп | изведувачи |
| 10.07.2015 | JUB дооел/Колор Тренд | Скопје | изведувачи |



# Која соба која боја треба да биде

**При декорирањето, најважниот акцент им се дава на боите. Ако боите се користат правилно во просторот, тогаш тие површини изгледаат поголеми и попространи . Исто така, многу е важно која боја каде ќе се употреби.**

Се разбира бојата влијае на нашето здравје, на телото и душата.

За изборот на бојата во просторијата, треба да се запазат овие елементи: насоката и количината на светлина, големината на просторијата, како и други фактори како што е висината на таванот, ориентацијата на просторијата која е многу важна. На пример, ако собата е на север, тогаш се употребува жолта, портокалова, а ако е свртена кон југ треба да биде обоена во потемни бои.
На влезот во спалната и дневната соба треба да се употребуваат бои како што се тиркизна, сина и зелена боја, тонови кои што се користат за смирување и релаксирање на човекот,
-бела, сина и зелена боја се ладни и отворени бои, кои им даваат на површините поголема пространост и широчина .



Салон, дневна соба
• Силни и изразени бои се за јака и впечатлива атмосфера , а бои кои што може да се користат за топла и релаксирачка атмосфера се: жолта, портокалова и розова,.
• Мора да избереме природни и меки бои за дневната соба, за разговор, читање книги и слушање музика .
• Користење на контрастни бои може да создаде поинаква атмосфера.





Трпезарија и кујна

• Трпезаријата потсетува на овошје, бојата на ѕидовите и употреба на природните бои, не прават среќни и топли и ни овозможува да креираме поинаква атмосфера.

• За кујната, нашиот избор може да го направиме од некои од топлите тонови од катологотсо бои.

• Исто така, нашата кујна обоена со жолта боја е значаен фактор во однос на нашето здравје. На пример, ходникот кој води до кујната треба да биде обоен со светло жолта и со потемни жолти нијанси. Во трпезаријата жолта и портокалова боја може да се користат на исти начин. Кујната со жолта боја е полна со возбуда и енергија која ја уништува мрзеливоста, а ја подобрува креативноста. Доколку во кујната има добро осветлување,можеме да употребиме живописни и темни бои. кои треба да бидат во средината. При изборот на боја за трпезаријата треба да се разгледаат боите од природата.



Детска соба

Додека нашето дете достигне пубертет, црвената, портокаловата и жолтата се  бои кои треба да ги избереме затоа што даваат радост и виталност. Подоцна во животот, можеме да ги користиме сината и зелената боја. Треба да се држиме настрана од темните бои, а треба да се обрне внимание и на осветлувањето.

Спална соба

• За тивко и мирно спиење треба да се изберат пастелни нијанси.

• Беж, песок бои, жолта, зелена и тонови на сина боја се препорачуваат за спални соби.

• Во нашиот избор е корисно да се имаат предвид и климатските карактеристики. Топлите бои се користат во  собите кои се свртени кон север, а за оние кои се на југ може да се вклучат бои од сината група.

• Употребата на розови и црвени нијанси, во спалната соба носат атмосфера на љубов и наклонетост

• Удобноста, мирот и тишината треба да доминираат. Ако сте млади и имате млади семејства, за спалната соба се употребуваат меки и смирувачки тонови во светли и отворени бои. Ако сте над оваа возрасна група, мора да изберете мека сина боја, а прифатлива е и жолтеникавата.

• Можеме да избереме и бои според временските услови на нашата моментална локација која треба да биде во хармонија. На пример, треба да се користат топли бои во ладни места, и обратно на топли места - бои што даваат чувство на студенило.





Работна соба

Работната соба треба да биде во сино-виолетова или виолетова боја, затоа што овие тонови се полни и значително влијаат на нашиот разум. Во собите обоени на овој начин можеме да работиме многу поефикасно.

Бања и тоалет

- Бањите обично се со мали површини и во нив треба да се претпочита светлината, па затоа бањите се обично во бела боја, бидејќи оваа боја им дава на луѓето чувство на свежина и чистота. Исто така се препорачуваат сина, тиркизна, зелена, индиго сина и боја на морето.
- Тоалетот има важно место во животот на човекот и за него треба да одбереме смирени бои.

Соба со правилно избрани бои ,влијае позитивно  на нашето расположение и нашата радост. Овој совет е за постигнување на нашето сопствено задоволство.







# *Моја приказна*
# Термофас - Скопје

**Г-нот Владо Спасовски од Скопје е наш неколкугодишен соработник кој воедно е сопственик а заедно со татко му и основач на фирмата за изведба на завршни градежни работи ДУГА ДИЗАЈН. Своите почетоци и соработката со нас ни ја опиша накратко во ова интервју.**

Пред повеќе од 14 год. започнав прво да работам како чирак во фасадерската група која ја водеше татко ми. Подоцна откако го поднаучив занаетот решив да отворам фирма и да почнеме да работиме , ,официјално,,.




Секој почеток е тежок а особено кога си млад и недоволно искусен, ама упорноста и поддршката која ја имав од луѓето околу мене помогна да се оформиме како компанија со реноме и широка референца на објекти.
Како потврда за успешноста во работата е отворањето и на втора фирма, ТЕРМОФАС – ЛТД заедно со мојот колега Алејдин Мустафа.
Фирмата има продажна дејност со завршни градежни материјали , а воедно и со дистрибуција на истите, лоцирана е во индустриската зона Пинтија.
Во нашата продавница можете да ги најдете скоро сите производи од широкиот асортиман на JUB, почнувајќи од фасадни бои, малтери, декоративни материјали, лепила и друго.
Од JUB -овите материјали можам да кажам дека користиме скоро се со посебен акцент на фасадните материјали. Со помошта на нивните вработени во техничката служба успеавме попрофесионално да ги обучиме нашите мајстори во JUB Академијата од каде подоцна ни беше издаден и нивен сертификат за познавање и правилно вградување на топлотно изолацискиот систем Jubizol фасада. Со стекнувањето на овој сертификат сега можеме и на писмено да издаваме гаранција за изработката на фасадата на објектот.
Како наш посериозен предизвик во работата со JUB -овите завршни фасадни материјали беше новиот објект на Драмскиот факултет и другите државни агенции кои таму ќе бидат сместени, согласно проектот Скопје 2014.
На наше општо задоволство а воедно и на сите инфоволвирани во проектот со гордост можеме да кажеме дека изработивме исклучително референтен објект кој плени со својот изглед, лоциран во центарот на Скопје. Воедно ќе истакнам и дека имаме голем број изработени индивидуални објекти со JUB -ови материјали а не сме имале проблем со нивниот квалитет како во текот на вградувањето така и подоцна.
Покрај големата понуда од материјали за завршни работи кои ги има во нашата држава, јас како изведувач и продавач на завршни материјали на сите инвеститори со задоволство им го препорачувам материјалот на JUB, бидејќи до денес никаде не сме имале проблеми.
Со правилно и квалитетно изработена фасада по сите норми и правила како и со квалитетот на вградениот JUB -ов материјал ниту изведувачот ниту пак инвеститорот нема од што да се плаши за трајноста на фасадата – ПРОВЕРЕНО!
Се надевам дека нашата соработка ќе продолжи и во наредниот период на обострано задоволство, а квалитетно вградените материјали од наша страна во наредниот период само ќе го потврдат тоа, заклучи на крајот Владо.



# *Beton look*
# new product

**Уникатен изглед на бетон со чисти линии изразува минималистички стил. Комбинација на бетон и необработено дрво е сè повеќе употребувано како тренд во архитектурата.**



Места каде се употребува: внатрешна и надворешна употреба, вертикални површини, работни простории, хотели, саемски простории, изложбени салони, продавници, вински визби, индивидуални куќи, ...
Beton look има голем топлински отпор во споредба со реалниот бетон, што дава многу погодности. Со ова се избегнува чувството на ладен допир.
Тенкиот слој (2 mm) овозможува максимално користење на просторот, но со посебните додатоци - полимерни врзива и микро влакна екстремно се зголемува механичката отпорност на оштетување (Micro topping). Ова ја зголемува можноста за користење на Beton look на фрекфентни места, како што се: хотелски соби, ходници, јавни простори ...
Уникатниот изглед на Beton look може да се прилагоди на желбите на клиентот. Повторливоста на примерокот, како и нијансите има голема предност во споредба со класичниот бетон. Достапен во 34 бои и повеќе.
Водоодбивноста дополнително ја зголемуваме со Jubosil Hydrophob (exterier)



## АЛАТИ

Бојаџиски валјак



Заоблена нер’ѓосувачка глетарка



Широка бојаџиска четка



Декоративна ракавица или сунѓер



Заоблена нер’ѓосувачка лопатка



Структурен валјак и декоративна четка



## МАТЕРИЈАЛИ

Unigrund




BETON LOOK NEW PRODUCT




Jubosilcolor silicate

ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА




тога

Silicate primer




к нанес

Uni

Antique

ода





ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА

Импрегнација: на цврста, здрава подлога без нечистотии со четка или валјак нанесуваме Unigrund, разреден со вода до 5 %.

ПОСТАПКА НА ИЗРАБОТКА

1.Подготовка на BETON LOOK: вреќа од 20 кг. ја мешаме со 4,4 - 4,6 литри вода. Смесата ја оставаме 10 минути да нababри и повторно ја мешаме, доколку е потребно додаваме вода. Отворено време за работа на смесата е 1-2 часа.





2. Нанос BETON LOOK: со глетарка нанесуваме на работната површина која е 6-10 m2. Дебелината на наносот треба да биде малку поголема од зрната. Со заоблена глетарка во сите правци ја измазнуваме површината, така што ги симнуваме сите испакнати делови од претходниот нанос и добиваме фина измазнета структура.

3. Обликување на структурата BETON LOOK: Употребуваме структурен валјак наменет за дупчеста структура на површината. Во места каде што сакаме да се нагласи примерокот дополнително употребуваме и декоративна четка.





4. Порамнување: кога BETON LOOK ќе престане да ни се лепи на прстите, материјалот е подготвен за израмнување на структурата. По 10-15 минути ги симнуваме испакнатите делови BETON LOOK. Со глетарка ја мазниме површината. Измазнувањето го повторуваме се додека не ја добиеме саканата структура , но структурата да не надминува 30% од примерокот. Време на сушење е 24 часа во нормални временски услови за секој mm.

5. Нанос Jubosilcolor silicate: Во Jubosilcolor silicate додаваме 30 % мешавина (Silicate primer : вода = 1:1) и добро го промешуваме. Нанесувањето го правиме со декоративна ракавица во кружни движења кои ќе се поклопуваат. Дополнително со сунѓер нежно ја поминуваме површината со што добиваме бледа флекавост на површината. Времето на сушење е приближно 6 часа.









6. Нанос Antique: избраната боја ја разредуваме до 10% со вода (внатрешна употреба – вода , надворешна употреба – Silicate primer). Нанесувањето го правиме со декоративна ракавица во кружни движења кои ќе се поклопуваат. Дополнително со сунѓер нежно ја поминуваме површината со што добиваме бледа флекавост на површината. Времето на сушење е приближно 6 часа. Доколку сакаме поинтензивен тон повторно нанесуваме Antique.

7. Нанос Silicate primer: доколку сакаме да се нагласи флекавоста на површината правиме мешавина од (Silicate primer : вода = 1:1). Нанесувањето го правиме со декоративна ракавица во кружни движења кои ќе се поклопуваат. Со тоа се нагласува флекавоста и се зголемува отпорноста на чистење на површината. Може да се користи и сунѓер.





8. Нанос Jubosil Hydrophob: За надворешна употреба препорачуваме да се нанесе високо водоодбивно средство Jubosil Hydrophob.

Неколку примероци на Beton look





# JUBOGLET Classic 1-4

**Почитувани партнери,**
**Ве известуваме дека дека на15. 4.2015. го лансираме новиот производ – JUBOGLET Classic 1-4 (внатрешна прашкаста маса за израмнување) и со тоа ја проширивме нашата понуда за прашкасти глет маси.**




ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ:
- универзална примена,
- дебелина на два наноса до 4mm,
- изразена белина,
- лесна за употреба и брусење,
- совршен изглед на избрусената површина,
- одлично прифаќање со внатрешните бои со и без основен премаз,
- отворено време на спремната глет маса најмалку 24h без правење на кора во затворена канта.

Рок на траење: 12 месеци

Техничка документација: Технички лист, Сигурносен лист.

Измазнетата површина е идеална подлога за сите видови на полудисперзии како и за боење со дисперзиски ѕидни бои до квалитет како Jupol Gold.

Наменет е за сите изведувачи кои сакаат поволно, квалитетно и лесно да обезбедат квалитет во својата работа, како и за сите сопственици на објекти кои сакаат завршниот изглед на своите ѕидови да биде на високо ниво.

JUBOGLET Classic 1-4 има повеќекратна примена (индивидуални и групни станбени објекти, деловни и индустриски објекти) а расположив е во палување од
25 kg.

Срдечно Ваш,
JUB





# *JUB - ови фасади*
# Референтни објекти во Македонија

Преглед на референтни објекти изработени во изминатиот период од 2015 год. каде правилно се вградени наши фасадни материјали.



*Објект с.Ерековци Прилеп – Jubizol standard /Jubizol akryl finish S 1.5mm(1024,1504), KPT 2.0mm (бр.495) изведувач- Никола Момироски (фасадери Прилеп).*



*Објект с.Сарај Скопје -Jubizol standard/ Jubizol Nano Finish S 1.5mm(бел), KPT 2.0 mm бр.450, изведувач Луки Фасаде Дизајн-Скопје*





*Објект нас. Шуто Оризари Скопје - MAG 1.5mm (1124,1142) - изведувач M&S Фасади Скопје*



*Објект Битола - Jubizol standard /Jubizol akryl finish S 1.5mm (1130, бел), Jubizol akryl finish T 2.0 mm (бел) - изведувач Била Битола*



*JUB дружење*

# Крушево 2015

Со цел да го одбележиме нашиот јубилеј 140 години постоење на нашата компанија на Балканот и пошироко, а како и што ветивме во минатиот број на JUB Магазин, ние во JUB сакаме да се дружиме и се дружиме со нашите соработници, па затоа почетокот на оваа 2015 година и мартовскиот период во кој слабо се работи во градежништвото, го искористивме за повторна средба и дружење со нив.



За да не ни биде досадно и да не се повторуваме, а со цел да сме присутни во сите делови на нашата Република, овој пат наша дестинација за дружба беше Хотел „Монтана" – Крушево.









Освен работниот дел кој се состои од презентација на новитетите во нашата компанија и доделување на сертификати за најуспешните наши соработници, секако дека се опуштивме во атмосвералта и си дозволиве да бидеме не официјални, па така освен караоке забавата која сите со нетрпение ја очекувавме, имавме и еден малку поинаков начин на дружење кое се состоеше од натпревар во редење на слагалица „JUBIZOL" фасаден систем, најбрзите три групи беа наградени со по една канта Jupol Gold.
Се гледаме наскоро, на нова дестинација и уште подобро дужење.





# *Наградна игра*
# facebook JUB Македонија

Со почетокот на оваа 2015 година, ние во JUB Македонија отворивме наша facebook страна.




Инспирирани од јубилејот на нашата групација JUB - 140 години, во периодот мај – јуни 2015, организиравме наградна игра за сите наши следбеници на facebook страната JUB Македонија. Истата се состоеше од постирање на интересни фотографии, каде се наоѓа нашето лого JUB, или е видлив знакот на било кој производ од нашата производна програма. Онаа фотографија која имаше најмногу лајкови е добитник на перива внатрешна боја Jupol Gold 15l во бела боја, како и соодветен валјак, за нанесување на истиот, а за пребојување на 140 $m^2$. Но тука не завршуваше сé, ние ја наградивме и онаа фотографија која имаше најмалку лајкови, а добитникот доби високоперива внатрешна боја Jupol Trend, соодветен валјак, за нанесување на истиот, а за пребојување на 25 $m^2$.

Им честитаме на добитниците, и ве потсетуваме да не посетите на нашата facebook страна JUB Македонија, и да учествувате во некои од наредните наградни игри.....



JUB 140 years

**JUB д.о.о.е.л. - Скопје**
бул. Јане Сандански бр.79 а-3
МК 1000 Скопје
**Т**: 00389 2 24 54 027
**Ф**: 00389 2 24 55 235 **E**:jub@jub.com.mk
**Членка на групацијата JUB**



www.jub.eu

Since
Од година 1875